МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 40 став 7 и член 59 став 5 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКИТЕ И МЕТОДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ВИДОВИ И СОРТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА И ВИДОВИТЕ И СОРТИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ РАСТЕНИЈА ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕБНО ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДНА И УПОТРЕБНА ВРЕДНОСТ

**Член 1**

Во Правилникот за постапките и методите за испитување на видови и сорти на земјоделски растенија и видовите и сортите на земјоделските растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.85/09) во членот 6 зборовите „на опитно поле“ се заменуваат со зборовите: „во најмалку две опитни полиња“.

**Член 2**

Во членот 7 во ставот (2) зборовите „односно оранжерии“ се бришат.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 109-201/3
27 септември 2021 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Arjanit Hoxha,** с.р.